81. Провикна Стојна од поста

(Козјак, Штипско)




Врукина, мамо, тужнина,
тужнина, мамо, врукина,
дочуј ме, мамо, та дојди,
муките да ти искажам!
На раци машко детенце,
на глава ручок да носам,
зошто ме, мамо, омажи,
на тешка куќа богата,
да станам рано сабајле,
да месам девет погачи,
до девет крави д’измузам,
рамни дворове да сметам,
да избањам машко детенце,
да исперам бели пелени,
да качам ручек на глава,
да уврзам дете на рамо,
да идам боса на жетва,
кај това поле широко,
гулеми нивје газдинске,
не можам поста да терам.

АИФ м.л. 1279, с. Козјак, Штипско; пее Добрина Глигорова, родена 1933 год. во с. Врсаково, Штипско; снимиле Тома Батев и Илија Здравев (1969); дешифрирала и мелографирала Родна Величковска; се пее на пладне кога владее неподнослива летна горештина.